**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 44-2282/36
Скопје, 28 април 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Четириесет и седмата седница**
**на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 28 април 2020 година**

**„ТОЧКА 2: Записник од Триесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 27 април 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 27 април 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата, ги усвои следниве заклучоци:

1. По повод претстојниот државен празник Први Мај – Ден на трудот, почнувајќи од 1 мај 2020 година (петок), заклучно со 4 мај 2020 година (понеделник) до 5.00 часот наутро:

   1.1. Да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 14.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

1.2. Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст над 67 години, во временски период од 11.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.

1.3. Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст до 18 години, во временски период од 14.00 часот до 12.00 часот наредниот ден

1.4. Да се забрани движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 14.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за дополнување на Одлуката забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија. Оваа одлука е донесена со еден глас против.

2. Во овој тридневен период од 1 мај 2020 година (петок), заклучно со 3 мај 2020 година (недела), сите граѓани кои живеат во станбени објекти за колективно домување и што имаат домашни миленичиња (куче), може да ги изнесуваат надвор од своите домови во временскиот период пред започнување на забраната и посебниот режим на движење, односно до 14.00 часот.

   За време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, дозволи домашните миленичиња да се изнесуваат во времетраење од 30 минути, во вечерните часови, односно од 20.00 часот до 20.30 часот.

   Притоа, како и до сега, ова е дозволено граѓаните да го прават најмногу до 100 метри од објектот во кој живеат и да го задржат минимум потребното растојание од останатите лица и да не се групираат.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

3. Се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и Државен пазарен инспекторат, кои вршат надзор над спроведувањето на одредбите од Уредбата со законска сила за носење лична заштита заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба, до Владата на Република Северна Македонија, на дневна основа, да доставуваат извештај од спроведените надзори за прашањата кои се надлежни."

**Прилог:**
- **Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**
- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: м-р Ирма Мандева
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 27 април 2020 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: 27-04-2020
44-2282/36

Архивски број: 08-780/36

**З А П И С Н И К**

**од Триесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 27 април 2020 година**

На 27 април 2020 година (понеделник), со почеток во 9.30 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Триесет и шестиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2009 SGS

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Тоше Зафиров и Бљерим Кољаљи, советници на Претседателот на Република Северна Македонија, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Зекир Јакупоски, заменик на директорот на Центарот за управување со кризи.

На овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација, не учествуваа Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:** Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**Точка 2:** Прашања и предлози

*

*    *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**По однос на точката 1 од Дневниот ред,** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Исто така, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, информираше дека состојбата на клиниките и здравствените установи низ државата е стабилна и тековно се следат состојбите низ здравствени установи во Република Северна Македонија.

Притоа, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство на членовите на Главниот координативен кризен штаб ги презентираше новите дискутирани препораки на денешниот утрински состанок на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство кои се однесуваат на воведување забрани и посебен режим на движење за време на претстојниот празник 1-ви Мај – Ден на трудот и се едногласно усвоени од членовите на Комисијата, имајќи го предвид однесувањето на луѓето на јавни места и површини во овој период, без носење на лична заштита на лицето, без задржување на социјалната дистанца и нивно групирање во групи повеќе од две лица, односно:

- Во однос на членот 5 од Уредбата со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивањето на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 107/20), да се отпочне веднаш со изрекување на глоби за прекршување на одредбите од оваа уредба (во сила е периодот до 30.4.2020 година во кои се изрекуваат писмени опомени).

- да се воведе забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, почнувајќи од четврток од 19.00 часот, до понеделник до 5.00 часот.

На оваа дискусија се надоврза министерот за внатрешни работи, м-р Наќе Чулев, кој укажа на потребата да се преиспита одредбата од член 2 став 3 алинеја 5 од причина што истата е тешка за контролирање од страна на припадниците на Министерството за внатрешни работи.

Дополнително, тој информираше дека Министерството за внатрешни работи за време на претстојниот празник ќе ангажира зголемен број на припадници на полицијата на сите јавни места и површини, паркови, излетнички места и викенд населби, со цел засилена контрола над спроведувањето на мерките и препораките донесени од Владата на Република Северна Македонија.

По овој повод, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, укажа на потребата да се разгледа можноста да се затворат сите јавни површини, зелени паркови, излетнички места, викенд населби итн.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2009 SGS

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска, министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски, укажаа да се разгледа предлогот за воведување на забрана и посебен режим на движење за време на 1.5.2020 година (петок) и 2.5.2020 година (сабота), по неколку часа дозволени за движење, имајќи предвид дека досегашните воведени мерки треба доследно да се почитуваат и спроведуваат, а надлежните институции задолжени за нивно контролирање да ги засилат контролите, во фунцкија на нивно доследно имплементирање.

Воедно, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска Јанковска укажа на потребата да се затворат парковите и излетничките места, но само за групирање, излети и излетнички собирања или слични активности кои граѓаните ги практикуваат за време на првомајските празници, а не и за слободно движење и рекреирање во овие места, без задржување, со почитување на препораките за носење на лична заштита и одржување на растојанието помеѓу луѓето за време на движење.

Градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, укажа да се разледа можноста на 1.5.2020 година (петок) да се зголеми временскиот период на забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, со тоа што на граѓаните ќе се дозволи движење само во одреден период од овие два дена.

Министерот за здравство, доц.д-р Венко Филипче, напомена дека го прифаќа и го поддржува предлогот доставен од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство.

Исто така, министерот за образование и наука, д-р Арбр Адеми, укажа на потребата на наредната седница на Владата да се разгледаат уредбите со законска сила со кој се регулираат уписите во основните училишта во Република Северна Македонија, како и прашњето поврзано со спроведувањето на државната матура кое е поврзано со уписите во јавните научни и високообразовни установи.

По предлозите изнесени во расправата на овој состанок од страна на членовите на Главниот координативен кризен штаб, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, укажа на потребата сите овие предлози изнесени од страна на Комисијата за заразни болести и од страна на членовите на Главниот координативен кризен штаб, да бидат разгледани на наредната седница на Владата, со цел да не се дозволи излетнички собирања и групирања за време на претстојните празници, а во функција на заштита на населението и спречување на ширење на Коронавирусот COVID-19, како и најави состанок во текот на денот со ресорот образование, поврзано со прашања за кои треба Владата да ги разгледува и одлучува на наредната седница.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **На наредната седница на Владата на Република Северна Македонија, да се разгледаат предлозите од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и предлозите изнесени во расправата на овој состанок во врска со претстојнот државен празник 1-ви Мај – Ден на трудот.**

2. **Секторот за односи со јавност на Владата, во соработка со Министерството за транспорт и врски да испрати соопштение и соодветно да ја информира јавноста од воздржување на резервации за авиобилети, имајќи предвид дека Меѓународниот аеродром Скопје е затворен за сообраќај, односно се до нормализирање на авио сообраќајот да се воздржи од резервации и купување на авио билети.**

   **Согласно ова, Министерството за надворешни работи, до дипломатско-конзуларните претставништва на Република Северна Македонија да го достави соопштението на Министерството за транспорт и врски, со цел информирање на сите наши државјани во странските држави.**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

3. Министерството за информатичко општество и администрација и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да направат план за ревидирање на издадените дозволи за движење на лица вработени во економски оператори кои работат во смена, имајќи го предвид новиот дозволен и зголемен временски период за движење.

4. Да се измени Заклучокот под реден број 5 од Триесет и третиот состанок, одржан на 23.04.2020 година, во врска со Барањето доставено од фамилија Колеви од Швајцарската федерација, односно овие лица по извршувањето на погребот да бидат со полициска придружба спроведени во самоизолација, до 3.5.2020 година, а потоа со полициска придружба да бидат испратени до граничниот премин со Република Бугарија, Деве Баир.

   Согласно ова, Министерството за внатрешни работи да врши контрола над овие лица за време на нивниот престој во Република Северна Македонија, во самоизолација, до 3.5.2020 година.

5. Го разгледа и го одобри Барањето за изземање од државен карантин, доставено од Министерството за надворешни работи, по однос на Барање од Горан Дурдубанов од Штип, за спроведување во самоизолација на него и членови на неговото семејство, по пристугнување од Република Хрватска, со посебно амбулантно возило, имајќи ја предвид здравствената состојба на лицето и добиената дозвола од страна на Министерството за здравство.

   Воедно, од мерката задолжителен државен карантин да бидат изземени и двајцата возачи на амбулантното возило и едно медицинско лице кое ќе го организираат овој превоз на релација Штип – Загреб – Штип.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2009 SGS

6. **Во однос на организираниот хуманитарен конвој за 55 државјани на Република Северна Македонија од Република Италија, кои со два автобуси ќе бидат вратени во државата, од мерката задолжителен државен карантин да бидат изземени четворицата италијански возачи на автобусите, односно истите да бидат сместени во самоизолација се до нивното заминување, во истиот објект во кој ќе бидат сместени и државјаните кои се враќаат од Република Италија.**

7. **Во однос на Заклучокот под реден број 11, од Триесет и петтиот состанок, одржан на 25.4.2020 година, го прифати предлогот на Министерството за надворешни работи и поради постоење на економски интерес одобри влез на тројца странски државјани (инжинери) од Република Србија на територија на Република Северна Македонија, согласно Барањето доставено од Фабрика за квасец и алкохол АД – Битола, под бр. 03-350 од 25.4.2020 година, имајќи предвид дека овие лица имаат регулиран престој и работна дозвола во нашата држава, но овие лица за време на престојот на територија на Република Северна Македонија да го почитуваат Протоколот за лице странски државјанин на кој му е дозволен престој и влез со посебна дозвола во Република Севрна Македонија изготвен од Министерството за здравство.**

8. **Во однос на Заклучокот под реден број 10, од од Триесет и петтиот состанок, одржан на 25.4.2020 година, по однос на Брањето до GIANNVIKI ДОО, Скопје, а поради постоење на економски интерес, условно дозволи влез на странски државјанин од Република Италија на територија на Република Северна Македонија, имајќи предвид дека лицето има дозвола за престој во нашата држава и има лична карта издадена од Република Северна Македонија, самo доколку лицето прифати да биде спроведено во задолжителен државен карантин, во близина на местото на живеење и работење.**

9. Го разгледа Апелот до Стоматолошката комора да донира финансиски средства во висина од 200.000 евра на донаторска сметка на Министерството за здравство за справување со COVID-19 кризата, доставен од Здружение на приватни здравствени стоматолошки установи и приватни доктори по дентална медицина и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство и Стоматолошката комора.

10. Го разгледа Барањето доставено преку електронска пошта од Перо Петровски и констатира дека истото ќе биде надминато со одлуките кои Владата на Република Северна Македонија ќе ги разгледува и донесе на наредната седница на Владата.

11. Го разгледа Барањето доставено од Зиза Алими преку Генералниот Козулат во Венеција, Република Италија и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, со цел утврдување на оправданоста на истото и утврдување на здравствената состојба, врз основа на медицинска документација, по што доколку се оцени за оправдано ова барање, да се достави соодветен предлог за разгледување до Главниот координативен кризен штаб.

12. Го разгледа Барањето доставено преку електронска пошта од Мишо Бојаџиевски од Скопје и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

13. **Ја разгледа Молбата доставена преку електронска пошта од Саније Демир која се наоѓа во Швајцарската федерација и истата ја проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за здравство, со цел утврдување на оправданоста на истото и утврдување на здравствената состојба, врз основа на медицинска документација, по што доколку се оцени за оправдано ова барање, да се достави соодветен предлог за разгледување до Главниот координативен кризен штаб со кој ќе се одобри истата.**

14. **Ја разгледа Молбата доставена од Марија Ѓорѓевиќ од Куманово, со место на живеење во Лесковац, Република Србија и истата ја проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министертсвото за здравство, кое врз основа на доставената медицинска документација да ја утврди оправданоста на молбата, по што доколку се оцени за оправдано да се достави соодветен предлог до Главниот координативен кризен штаб со кој ќе се одобри истата.**

*

* *

**<u>По однос на точката 2 од Дневниот ред,</u>** немаше прашања, ниту предлози.

*

* *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

*

*   *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS